# ПОСЕТА НА НОБЕЛОВЕЦОТ ДАН ШЕХТМАН НА МАКЕДОНИЈА

Од 21 до 29 мај 2023 г. во Македонија престојуваше Дан Шехтман (Dan Shechtman), добитник на Нобелова награда по хемија (2011 година) за откритието на квазикристалите. Ова е прва посета на нобеловец од областа на природните науки во нашата земја. Организаторите на престојот беа Македонската академија на науките и уметностите (МАНУ) и Сојузот на хемичарите и технолозите на Македонија (СХТМ). Во организацијата исто така учествуваа Природно-математичкиот факултет од Скопје, Универзитетот „Гоце Делчев“ од Штип, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ од Битола и фармацевтската компанија Алкалоид.

Проф. Шехтман одржа две предавања со различни теми. Првото, под наслов: „Технолошко претприемаштво – Клуч за светскиот просперитет и мир“ (Technological Entrepreneurship - Key to World Prosperity and Peace), го одржа на Институтот за хемија. Настанот беше директно пренесуван на каналот Јутјуб на Институтот, каде што постои и снимка на предавањето. Интересно, проф. Шехтман истакна дека, откако бил избран за професор на Технион во Хаифа, го вовел предметот Технолошко претприемаштво. Неговата идеја била дека со стекнатото знаење им се овозможува на студентите да станат независни, да веруваат во своите способности, да ја кројат својата иднина и да не зависат од други во процесот на вработување. Во поглед на претприемаштвото во областа на високата технологија, иако без природни ресурси, Израел е една од водечките земји во светот.




Второто предавање го одржа во МАНУ со кое ја отвори Првата конференција за науката за материјал. Темата беше иста со неговото пристапно предавање одржано во

Стокхолм при доделувањето на Нобеловата награда: „Квазипериодични материјали – Промена на парадигмата во кристалографијата“ (Quasi-Periodic Materials – A Paradigm Shift in Crystallography). На ова предавање, помеѓу другото, ги изнесе најбитните аспекти за квазикристалите, објасни што нив ги прави посебни, но истакна и дека при истражувањата човек треба да верува во своето знаење, да биде истраен и остроумно да го користи научниот пристап. Дополнително, предавањето покажа дека проф. Шехтман е врвен интелектуалец со многу широки познавања кои умее да ги пренесе на едноставен и интересен начин, со што целосно го задржува интересот на публиката.



При посетата на МАНУ нобеловецот Шехтман беше примен од претседателот на највисоката научна институција во Македонија, академик Љупчо Коцарев.

Проф. Шехтман со сопругата оствари средба и со претседателот на Републиката Стево Пендаровски кој ги задржа на подолг разговор, а присуствуваа и на свечената академија по повод патрониот празник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.



Свеченост во чест на проф. Шехтман беше одржана на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, на која му беше доделена титулата почесен професор. Со пригоден говор проф. Шехтман им се заблагодари на присутните.

Покрај овие активности, гостите ги посетија Музејот на холокаустот, Куќата на Мајка Тереза, Даут-пашиниот амам и Старата чаршија во Скопје, локалитетот Стоби, црквите Св. Јован Канео и Плаошник во Охрид и манастирот Св. Јован Бигорски.

Престојот на проф. Шехтман беше најавен со интервју во порталот „Умно“ и во утринската програма на Телма. Освен тоа, тој даде интервју за Телма, а по неговото заминување академикот Јовановски имаше интервју за одржаната конференција во утринската програма на Македонската телевизија.

Коментарите од присутните, особено од студентите, и на социјалните мрежи беа повеќе од позитивни. Издвојуваме само еден од нив, од проф. Билјана Ванковска која не е од природните науки, а можеби токму затоа најдобро ја долови атмосферата на првото предавање:



**Biljana Vankovska**
1 d ·

Кога сме кај ректор на УКИМ и престижот, чесно е да се признае дека и она малку углед што го имаме им го должиме на научните постигнувања на колегите од природните и техничките науки.

Вчера на ПМФ гостуваше славен научник, нобеловец за хемија. Каква стимулација за кадарот и за студентите да видат дека нобеловец е човек од крв и месо! Да можат да се поздрават со него, да чујат нешто ново! Фантастично! И уште подобро што амфитеатарот преполн. Но, во првите редови седат студенти, а не професори. На крајот скромен коктел со кафе, вода, бомбончиња. Го однеле и на ручек - во “Дојрана”!?! Кафана што е најблиску до факултетот!!! Бев вџашена кога чув. Ни сплавови, ни музики, ни скапи ресторани и сл. 😀

Затоа ПМФ е на ВРВОТ! Со децении. И таков кадар вадат, сами си поставиле високи критериуми за напредување и без закон да ги тера на тоа, студенти стимулираат да презентираат трудови на англиски и списание со импакт фактор имаат. А најниски плати! Ете!

Како заклучок, со задоволство може да се констатира дека посетата на нобеловецот Шехтман на Македонија беше многу успешна и беше привилегија да му бидеме домаќини. Кај сите кои беа во непосреден контакт со него остана впечатокот на голема мудрост, суптилен хумор, хуманост, но над сè исклучителна скромност.

Зоран Здравковски<br>Претседател на СХТМ,

zoran@ukim.edu.mk